ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ
бр. 03-505/1 20 год.
25-04-2025
СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 49 став 3 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и 239/22), член 3 од Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани и фондации од буџетот на Општина Старо Нагоричане (бр.08-337/17 од 15.03.2018 година)и член 7 од одлука за распишување на оглас за доделување на финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондацииод буџетот на Општина Старо Нагоричане за 2025 година (бр.08-9/131 од 16.04.2025 година) донесена од советот на Општина Старо Нагоричане, заменик градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, распишува

# ОГЛАС
## за доделување на финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации од буџетот на Општина Старо Нагоричане за 2025 година

1.Општина Старо Нагоричане распишува оглас за доделување на финансиска поддршка на здруженија и фондации од буџетот на Општина Старо Нагоричане за 2025 година и тоа за следниве приоритетни области и цели:

| Р.бр. | Програма | Опис | Вкупно предвидени/ достапни средства: | Висина на достапни средства за поединечен проект, најмногу до: |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Култура | Финансиска поддршка за организирање на манифестација „Бајловски средби“ во текот на месец септември 2025 година | 35.000 | 35.000 |
| 2. | Спорт и рекреација | Финансиска поддршка за организирање на манифестација „Меѓународна мотокрос трка Забел во месец август 2025 година | 70.000 | 70.000 |
| 3. | Спорт и рекреација | Финансиска поддршкана квалитетен спорт (помош на спортски клубови) | 100.000 | 100.000 |
| 4. | Буџетска програма 463 | Финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации од интерес за Општина Старо Нагоричане | 150.000 | 30.000 |

**2.Основни организациски критериуми:**

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите што учествуваат на овој оглас се:

-Да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации при што приоритет имаат здруженијата/фондациите со седиште во Општина Старо Нагоричане, или од други општини под услов ефектите од проектите да придонесуваат кон подобрување на квалитетот на живот во општина Старо Нагоричане.

-Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

**3.Проценка на квалитетот на програмите/проектите**

Проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат основните организациски критериуми се врши врз основа на следните посебни проектни критериуми:

| | |
|---|---|
| 1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) | 20 |
| 2. Релевантност на акцијата (усогласеност на предложената акција со приоритетите на повикот, анализа на проблемот и негова актуелност, избор на целна група) | 30 |
| 3. Опис на акцијата (цели, резултати, активности, пристап) | 20 |
| 4. Ефекти во локалната средина (влијание врз целните групи и корисниците, одржливост) | 15 |
| 5. Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците) | 15 |
| Максимум бодови | 100 |

За да биде квалификувана за финансиска поддршка, проектната апликација мора да освои најмалку 50 бодови.

**4.Временска рамка за спроведување на проектите**

Период на спроведување на програми/проекти до крајот на 2025 година

**5.Потребна документација за пријавување:**

-Пријава за финансиска поддршка на пропишан образец;

-Предлог – проект;

-Копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на здружението/фондацијата не постара од шест месеци;

Образецот на пријава за финансиска поддршка е достапна на веб страница: www.staronagoricane.gov.mk и на огласна табла на општината.

**Напомена:** Здруженијата и фондациите не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по огласот.

Пријавите со непотполна документација или по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Доставените прилози не се враќаат.

**6.Рок за поднесување на пријавите** кој не може да биде помал од 15 дена од денот на објавување на огласот.

**7.Рок кога ќе се објават резултатите** 10 дена од донесување на одлука.

**8.Адреса на која треба да се испратат документите:**

Потребните документи треба да се достават во затворен плик со ознака „не отварај" директно во архива на Општина Старо Нагоричане секој работен ден од 08-16 часот или преку пошта на следнава адреса:

Совет на Општина Старо Нагоричане, 1303 Старо Нагоричане

-Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој-

Барањето на финансиска помош со документацијата треба да пристигнат до Општина Старо Нагоричане најдоцна до крајниот датум за поднесување Пријавите со непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Заинтересираните здруженија и фондации можат да настапуваат преку заеднички проектни активности во соработка со општинската администрација и соодветните комисии при изработка на проекти.

Прашања за појаснување може да се поставуваат на staronagoricane@yahoo.com.mk до 01.07.2024 година.

Здруженијата и фондациите учесници на огласот ќе бидат известени за резултатите во рок од 10 дена од денот на донесување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Општина Старо Нагоричане за 2025 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации.

**Пропратни документи:**

-Образец на пријава,

-Образец на завршен извештај.

Општина Старо Нагоричане

Заменик Градоначалник

Бобан Цветановски

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

**за доделување на финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, од буџетот на Општина Старо Нагоричане за 2025 година**

## I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Име на организацијата | |
| Адреса | |
| Телефонски број/броеви | |
| Електронска адреса (E-mail) | |
| Интернет страница (доколку имате) | |
| Раководно лице | |
| Лице за контакт, позиција | |
| Електронска адреса на лицето за контакт | |
| Телефонски број на лицето за контакт | |
| ЕМБ (единствен матичен број) | |
| Даночен број | |
| Сметка, банка депоненент | |

## II. РЕЗИМЕ НА ПРОЕКТОТ

Приоритетни области за која се поднесува апликацијата (ЗАОКРУЖЕТЕ):

| Р.бр. | Програма | Опис |
|---|---|---|
| 1. | Култура | Финансиска поддршка за организирање на манифестација „Бајловски средби“ во текот на месец септември 2025 година |
| 2. | Спорт и рекреација | Финансиска поддршкана квалитетен спорт (помош на спортски клубови) |
| 3. | Буџетска програма 463 | Финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации од интерес за Општина Старо Нагоричане |

Ограничете го описот на ЕДНА СТРАНИЦА.

| | |
|---|---|
| Наслов на проектот | |
| Приоритетна област | *(да се наведат приоритетите утврдени во огласот, а апликантите да можат да штиклираат една)* |
| Времетраење на проектот | |
| Цели на проектот | |

5. **Временска рамка**

Објаснете го редоследот и времето кое ќе ви биде потребно за реализирање на секоја активност.

6. **Буџет**

Табелата за буџетот пополнете ја детално и точно, со што буџетските ставки ќе ги оправдуваат предвидените активности во проектот. Буџетот треба да биде внесен во МКД. Додадете онолку редови колку што ви се потребни.

| **Буџетска ставка** | **Количина** | **Сума ед.цена** | **Вкупна сума** | **Сума од општина** | **Сума од други извори** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | **Вкупно** | | | |

## IV. КАПАЦИТЕТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

1. **Краток опис на организацијата**

Опишете ја мисијата на организацијата, главните области на делување и улогата која ја има организацијата во заедницата. Накратко опишете го нивото на соработка и вмрежување. Посочете го бројот на вработени, волонтери и членови. Ограничете го описот на организацијата на ПОЛОВИНА СТРАНИЦА.

Раководител на организацијата: ______________________

Потпис: ______________________

Датум: ______________________

Печат